0203/476
06.10 23

Врз основа на член 19 став 6 точка 5 Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22), Надзорниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители, на седницата одржана на 06.10.2023 година ја донесе следната

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
за разрешување на член на Управен одбор

**Член 1**

СЕ РАЗРЕШУВА членот на Управниот одбор Трајчо Вучков од Берово.

Член 2

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Институтот во рок од 48 часа од нејзиното усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување од страна на Собранието на Институтот на ден --.–.2023 година.

Претседател на Надзорен одбор
Мери Кировска

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИСОС СКОПЈЕ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајки по насоки на Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на РСМ за работењето на членот на УО Трајчо Вучков Претседателот и по Извештајот на УО за разгледување на работењето членот на УО Трајчо Вучков,одржа седница на 06.10.2023 година.

На седницата Надзорниот одбор изврши увид во Барање за произнесување од УО бр.0202/421 од 23.08.2023 година, Произнесување од Трајчо Вучков бр.0202/440 од 05.09.2023 година и пропратните Записници на Управниот одбор, Претставка до ДКСК и беше повикан Претседателот на Институтот да го образложи писмениот извештај при што Надзорниот одбор го утврди следното:

Трајчо Вучков во време на привременото претседателство поднел повеќе претставки против ИСОС и тоа до Државната Комисија за спречување на корупција, Министерство за финансии, Влада на РСМ, Европска Комисија. Ваквата претставка била објавена од негова страна и на социјални медиуми.

По конституирањето на органите во месец април 2023 година и утврдувањето на нивниот состав, за член на УО беше избран и именуван Трајчо Вучков.

На одржаната 5-та седница на УО на ден 17.08.2023 година, од причина што самиот избор во органите наметнува како права, така и обврски, во духот на општите начела од Кодексот на етика Управниот одбор донел заклучок со кој се задолжува членот на УО да престане со дискредитирањето кое го врши кон Институтот, да ги приложи сите претставки кои ги има поднесено против Институтот на увид и истите да ги повлече или во спротивно да даде оставка од морални и етички причини.

Членот на УО Трајчо Вучков во Произнесувањето заведено под број 0202/440 од 05.09.2023 година, не постапил по задолжението дадено од Управниот одбор и не ги доставил на увид поднесените претставки.

На деветата продолжена седница на УО одржана на 29.02.2023 година, на 01.10.2023 година и 05.10.2023 година меѓу другото е постапувано по апликации за членови на Комисии во Институтот, пред донесување на конечни одлуки и пред објавување на одлуките на веб страната на Институтот членот на УО Трајчо Вучков одреден кандидат за член во Комисија го информирал дека нема да биде предложен за член на Комисија на претстојното Собрание, кое нешто и самиот го признал и потврдил и за време на самата седница извршил телефонски повик со кандидатот на кој му обелоденил доверливи информации, па во телефонскиот повик и самиот кандидат потврдил дека членот на УО Трајчо Вучков го информирал за текот на седницата и за донесените одлуки.

Во Институтот е на сила Кодекс на етичко однесување на органите, вработените во стручната служба и другите лица со посебни права и одговорности во кој јасно и недвосмислено се пропишани основните вредности на однесување кои ја претставуваат основата на работењето и функционирањето на Институтот, а кои начела и принципи се задолжителни за сите без оглед на организационата структура.

Начелото за Интегритет од горенаведниот Кодекс, го пропишува следното:

***2.2 Интегритет***

*"Членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот треба да дејствуваат во насока на чесно и професионално извршување на своите обврски притоа штитејќи го интересот и интегритетот на Институтот, истовремено штитејќи ги правата и интересите на членството на Институтот."*

Со искажаните ставови на седниците и од произнесувањето на членот на УО, се утврди дека овој член на УО во континуитет го дискредитира Институтот, врши грубо кршење на цитираното начело, не постапува ниту чесно ниту одговорно, **и не го штити интересот и интегритетот на Институтот.**

Начелото на објективност, го предвидува следното:

***2.6 Објективност***

*"Членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот не смеат во своето работење да бидат раководени од предрасуди, пристрасности, неусогласени или лични интереси кои можат да ја доведат во прашање нивната објективност во извршувањето на обврските."*

Горенаведеното начело забранува во работењето во Институтот било кој да биде раководен од предрасуди, пристрасности, неусогласени или лични интереси кои би ја доведувеле во прашање објективноста во извршувањето на обврските, меѓутоа овој член на УО дури и по стапување во раководството на Институтот, и понатаму е водени од лични и пристрасни идеи и интереси кои ја доведедуваат во прашање објективноста во неговото дејствување во Управниот орган на Институтот.

Начелото на Јавен настап и публицитет го содржи следното:

***2.9 Јавен настап и публицитет***

*"Членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот мора да ги усогласат своите ставови со официјалните ставови на Институтот кога како поединци јавно ја коментираат работата на Институтот или настапуваат во негово име, во функција на јавно претставување.*

*Членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот пред секое изнесување на било какви информации кои се однесуваат на работењето на Институтот, во средствата за јавно информирање, задолжително треба да побараат согласност од Претседателот на Институтот."*

Секој член на органите на Институтот има **обврска да ги усогласите своите лични ставови со официјалните ставови на Институтот**, кога како поединец ја коментира работата на Институтот или кога настапува во негово име, поради што со досегашното однесување овој член постојано го крши и ова начело.

Начелото на Почитување на колегите, кое ги пропишува следното општо правило на однесување:

*2.10 Почитување на колегите*

*"Членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот се должни да ги чуваат и почитуваат легитимните права и интереси на останатите членови на органи, вработените во стручната служба и останатите лица со посебни права и одговорности во Институтот (во натаопшниот текст:колеги) како сопствените. Непристојно е да се фалат самите себе или да ги омаловажуваат или навредуваат останатите колеги во нивно или туѓо присуство.*

*Членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот се должни во непосредната деловна комуникацција со колегите да бидат трпеливи, љубезни и колегијални.*

*Членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот треба да поддржуваат тимска работа и меѓусебна соработка и со заеднички напори да се остварат поголеми резултати во работењето на Институтот.*

*Времето за реализација на обврските треба да помине во пријатна работна атмосфера. Во работењето важи правилото на толеранција и меѓусебно почитување.*

*Во службената комуниjкација не е дозволена употреба на вулгарности и непристојни зборови. Забранета е гласна консултација со колега и секој треба со иста мера да ја чувствува одговорноста кон работата и со тоа да придонесува за општиот углед на Институтот."*

Членот на УО наместо да ги чува и почитувате легитимните права на колегите како свои и да не ги омаловажува, ниту да ги навредува колеги, со своето однесување и дејствувањето и комуникација надвор од Институтот, врши повреда на легитимните права и интереси на своите колеги и искажува неколегијалност и непристојност .

**Кодекстот предвидува обврска за чување на *Деловна тајна на Институтот:***

*Чувањето на деловната тајна претставува должност и морална обврска на секој од членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот. Документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на секојдневните обврски и задачи претставуваат деловна тајна. За чувањето и заштитувањето на деловната тајна секој член на органите на Институтот, вработените во Институтот како и останатите лица со посебни права и одговорности во Институтот потпишуваат Изјава со која се обврзува на нејзиното чување. Изјавата се чува во досието на секој вработен или во архивата на Институтот.*

Видно од увидот во Изјава за почитување на обврската за чување на деловна тајна потпишана од членот на УО Трачјо Вучков бр.0101/332-4 од 25.05.2023 година, овој член на УО под морална кривична и материјална одговорност се обврзал дека ќе ги чува и нема да ги искористи за сопствена употреба или да ги предаде/обелодени на трето лице податоците и информациите кои ќе ги осознае и стекне при вршењето на секојдневните обврски и задачи во ИСОС кои се сметаат за деловна тајна кои му биле доверени или со

кои е запознаен на друг начин и превземал одговорност за издавање на деловна тајна, ако знае за таквото својство на податоците.

Деловникот за работа на УО член, нормира дека- *Доставените материјали до членовите на Управниот одбор претставуваат деловна тајна, се до моментот на нивното објавување согласно со Законот и овој Деловник.*

**Преодните и завршните одредби** од Етичкиот кодекс предвидуваат дека:

*Овој Кодекс важи за сите членовите на органите на Институтот, вработените во стручната служба во Институтот и другите лица со посебни права и одговорности во Институтот. Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс може да претставува основ за изрекување на опомена, за поведување на дисциплинска постапка, па дури и за прекин на работниот однос или* ***основ за разрешување од органите и телата на Институтот****.*

**СУНСП на 10тата седница одржана на 19.09.2023 година даде насока органите на ИСОС да го почитуваат Кодексот и сериозно да го разгледаат прашањето за понатамошно учество за членот на УО Трајчо Вучков во органите и начинот на неговото работење, за кои се надлежни и притоа да се почитува Кодексот на етика и ЗВСР. Доколку органите на ИСОС во понатамошното одлучување, сепак одлучат да не дадат предлог за разрешување на овој член на УО, Советот бара членот на УО Трајчо Вучков да даде писмено јавно извинување до членовите на Советот.**

**Од се погоре изнесено Надзорниот одбор утврди несовесно и неправилно работење на членот на УО Трајчо Вучков, па согласно член 19 став 6 точка 5 од Законот за вршење на сметководствени работи, каде е пропишана надлежноста на Надзорниот одбор за давање предлог до Собрание за разрешување на претседателот на Институтот или членови на Управниот одбор во случај на несовесно и неправилно работење, одлучи како во диспозитивот на одлуката.**